ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

Република Северна Македонија
Општина Велес
Број: 26-1637/2
01.04.2025 година
Велес

Врз основа на член 3 став 1, алинеа 2 и член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр.101/19) а во врска со член 88 од Законот за општа управна постапка(Сл.весник на РМ бр.124/15), имателот на информации Општина Велес, постапувајќи по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.26-1637/1 од 11.03.2025 година, поднесено од барателo [redacted], го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер со бр.26-1637/1 од 11.03.2025 година, поднесено од барателот [redacted] со кое се бара информација од јавен карактер:

-Колку во проценти изнесува провизијата за посредување при асфалтирање на улиците во Велес, и истата да се достави на барателот во електронска информација по е-маил, **СЕ ОДБИВА.**

## Образложение

До имателот на информации Општина Велес барателo [redacted], поднесе барање за слободен пристап до информации од јавен карактер со бр.26-1637/1 од 11.03.2025 година, со кое побара информација колку во проценти изнесувала провизијата за посредување при асфалтирање на улиците во Велес.

Службените лица за посредување со информации од јавен карактер кај имателот на информации Општина Велес, постапувајќи во законски определениот рок по горенаведеното барање согласно член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр.101/19), констатираа дека бараната информација која што ја побарува барателот не е информација што Општина Велес ја создала ниту пак може да располага со таква информација.

Општина Велес / Municipality of Veles
Street: „Panko Brashnar" No. 1
1400 Veles, North Macedonia
Tel/fax: ++389 43 232 966
e-mail: opve@veles.gov.mk
www.veles.gov.mk

ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

Имено, согласно член 3, став 1, алинеа 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, информација од јавен карактер е информација во која било форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности.

Службените лица при Општина Велес му обрнуваат внимание на барателот [redacted] дека целта на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер е на физичките и правните лица да им се овозможи да го остваруваат правото на слободен пристап до информации од јавен карактер и обезбедат јавност и отвореност во работењето на органите, за начинот на користење и трошење на јавните пари, парите на граѓаните, да се овозможи учество на граѓаните во креирањето и водењето на јавните политики и слично.

Законот за слободен пристап нема за цел преку поднесување на барање за пристап до информации од јавен карактер, барателите на информации да остваруваат лични, приватни или индивидуални права или како странки да обезбедуваат докази за водење на судски постапки, дополнително да бараат и предлагаат преземање на управни дејствија и донесување на потврди, извештаи и/или други акти, за кои се во тек, или врз основа на бараните податоци ќе бидат поведени постапки пред надлежните судови, каде што барателот за пристап до информации од јавен карактер е една од странките во спорот и истиот своето право го остварува согласно одредбите од други материјални закони, како Законот за адвокатура, Законот за парничната постапка и други материјални закони.

Токму заради горенаведеното, пристапот до информациите од јавен карактер е бесплатен.

Согласно горенаведеното, имателот Општина Велес одлучи како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова Решение незадоволната странка може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од приемот на Решението.

За Општина Велес
Службени лица за посредување со информации од јавен карактер

Марија Цилакова
Даниела Саздова
Фросина Маџарова

Доставено до:
-барателот;
-списи и архива.



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar" No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*